АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР
ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ - СКОПЈЕ

ул. Стале Попов бр. 9 мезанин локал бр.5, Скопје, пошт. фах 38, телефон: 3226-072

Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост
бр. 05 - 1018/6
30-12-2013 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 142 став 6 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на Република Македонија" бр.136/07, 130/08, 97/10, 185/11, 53/11 и 148/13), член 25 од Статутот на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје (пречистен текст), Записник од отворање на понуди бр.05-1018/3 од 20.12.2013 година и Извештај од спроведена постапка бр.05-1018/4 од 20.12.2013 година од Комисијата за јавни набавки по оглас за доделување на договор за јавна набавка бр.**11/2013** за јавна набавка со примена на постапка со прибирање на понуди со објава на оглас со е-аукција, Директорот на Друштвото донесе

# О Д Л У К А
## за избор на најповолна понуда за Набавка на услуга-закупување простор за реклама и објавување огласи за издавање на деловен простор во новинско издавачка куќа

На основ на Записникот од отворање на понудите бр.05-1018/3 од 20.12.2013година и Извештајот од спроведената постапка бр. 05-1018/4 од 20.12.2013 година од Комисијата за јавни набавки на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје по оглас за доделување на договор за јавна набавка **бр.11/2013** , а по Одлука за јавна набавка бр.05-2470/17 од 23.04.2013 година и Одлука бр.05-2470/18 од 16.10.2013 година за измена на Одлука за јавна набавка, за **Набавка на услуга-закупување простор за реклама и објавување огласи за издавање на деловен простор во новинско издавачка куќа** , договорот за јавна набавка се доделува на:

**За Дел 1.**

- **,,Репро Принт " ДООЕЛ ул„16-та Македонска Бригада„ бр.18 , Скопје**
- **,, Медиа Принт Македонија " ДООЕЛ ул„Васил Ѓоргов„бр.16 ТЦ Зебра -2 кат Скопје**

**За Дел 2.**

- **„Коха продуцтион " ДОО Бул„ Гоце Делчев„ бр.11 ТЦ Мавровка лок.бр.14 мезанин Скопје**

Изборот е извршен врз основа на рангирање на 3 (три) прифатливи

понуди.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во рок од 3 (три) дена од донесувањето на одлуката писмено да ги извести понудувачите за Одлуката за доделување на договор за јавна набавка и да достави копија од предметната Одлука во прилог на известувањето.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во известувањето да ги извести:

-Понудувачите чија понуда е избрана за најповолна.

Се задолжува Секторот за правни и општи работи по конечноста на оваа Одлука, да изготви Договор за доделување на јавна набавка со носителот на најповолна понуда, во се спрема понудата, записникот, извештајот, моделот на договор и условите од тендерската документација

Правна заштита

Секој економски оператор кој има правен интерес за добивање договор за јавна набавка и кој претрпел или би можел да претрпи штета од евентуално прекршување на одредбите од Законот за јавни набавки, може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата за превземање на дејствија од страна на договорниот орган во постапката за доделување на договор за јавна набавка.

Жалбата се изјавува до Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Жалбата се поднесува лично или по препорачана пошта истовремено до договорниот орган и до Државната комисија.

Жалбата се изјавува во рок од три дена од денот на приемот на одлуката со која се одлучува за поединечно право од постапката за доделување на договор за јавна набавка, во однос на утврдувањето на способноста на пријавите за учество или евалуација на понудите и одлуката.

**Генерален Директор**
**Шеваљ Цеку , дипл.социолог**

**доставено до**:

- Сектор за правни и општи работи
- Сектор за финансии,
- Комисија за јавни набавки-Кире Бузлиев
- архива